# Скици на еден **Нов Град**



GEF GREEN EUROPEAN FOUNDATION

INSTITUTE FOR POLITICAL ECOLOGY

# Скици на еден
# **Нов Град**

Green European Foundation
Cities as Places of Hope – Resilient Cities

*Published with the financial support of the European Parliament to the Green European Foundation.*

*The European Parliament is not responsible for the content of this publication.*

GREEN EUROPEAN FOUNDATION

INSTITUTE FOR
**POLITICAL ECOLOGY**

# Вовед

Оваа публикација произлезе како еден од резултатите од учеството на Институтот за политичка екологија во транснационалниот проект на Зелената европска фондација „Градовите како места на надеж – Отпорни градови“, во кој имавме за цел живописно да го прикажеме најновиот развој на некои европски градови и да ги утврдиме начините на кои тие стануваат отпорни, ја зголемуваат добросостојбата на граѓаните, постигнуваат еколошка одржливост и поголема социјална правда.

Во три поглавја со вас ги споделуваме ставовите, мислењата и информациите стекнати преку директно искуство, емпириски докази и секојдневна борба на клучните чинители на локално ниво: истражувачи, научници, практичари и активисти (некои од нив политички активни). Нашиот увид по случаен избор во различни урбани средини (и политички/социјални услови што се одговорни за нивниот развој) почнува од пречки и предизвици, продолжува со практики и завршува со визија.

Овие „скици на еден нов град“ се овде за ги споделиме и дополнително да ги развиеме визиите, пренесувајќи и пресликувајќи ги идеите во заеднички акции. Премногу често големите и амбициозни проекти завршуваат неуспешно. Ние сакаме да почнеме обратно – со мали скици; со работен материјал кој со текот на времето може да се развие во нешто одржливо и отпорно. Ајде заедно да ги следиме овие идеи и да го замислиме новиот град како место, каде било во Европа, каде што ќе сакаме да живееме, каде што соживотот и издржливоста би можеле да коегзистираат во нови форми на колективен труд и колективни акции.

—

уредници:
Ведран Хорват и Лана Пуканиќ

# 1.

# Со кои предизвици и пречки се соочува вашиот град при постигнување еколошка одржливост, добросостојба за сите граѓани и социјална правда?



Како што во **БЕЛГРАД** пазарот со недвижнини станува најлукративниот бизнис, просторните ресурси и сите процеси што ги создаваат (од планирање до изградба) стануваат атрактивни за разни форми на злоупотреба, корупција и лошо менаџирање, вели Ива Чукиќ, архитектка и активистка од белградскиот колектив Министерство за простор. Наспроти навидум сè повеќе регулативи во однос на просторната политика, таа вели дека она што, всушност, се случува е дерегулатива, што овозможува одредени, лични интереси да го загрозат јавното добро. Според неа, со развојот на градот управува императивот на економски раст, акумулација на дополнителен капитал и личен наместо јавен интерес, а во помала мера исполнувањето на разните потреби на граѓаните.

Кога станува збор за граѓанско учество, праксата на урбанистичко планирање покажува значително отсуство на демократски капацитет и често се изведува дури и под формалниот минимум. Неговите ефекти во голема мера зависат од надворешни елементи, како што се медиумскиот притисок што го вршат граѓанските иницијативи или политичките одлуки што стојат зад урбанистичкиот развој, вели Чукиќ. Како резултат на тоа, постојат сè повеќе просторни конфликти и неправди во урбаното живеење во Белград. Доколку постои декларативна посветеност кон важната демократизација на процесот на планирање, изгледа дека на моменталната пракса, како и на регулативите, им е потребна радикална трансформација.

Слично, и урбаниот модел на **МАДРИД** го смета градот за производ, вели Ана Мендез де Андес, архитектка и урбанистка којашто живее помеѓу Мадрид и Шефилд, а порано била член на локалната платформа Мадрид сега (Ahora Madrid) и советник во градската администрација.

Центарот на градот сè повеќе се користи како забавен парк за туристи и како трговски и центар за рекреација на отворено и за локалното население и за гостите. Во градот се градат нови објекти како недвижнини што ги игнорираат основните прашања, како што се одржливата мобилност, локалните комерцијални, културни и социјални активности и јавниот простор. Тоа е модел без модел: територија што е достапна за инвеститори и финансиски шпекулации составени од фрагментирани интервенции што не можат да се оспорат бидејќи стратешките цели никогаш не се експлицитни, вели Ана Мендез де Андес.



Таа вели дека повеќе од 25 години неолибералната економија претставува убедлив елемент во конзервативната градска и локална власт. Иако јавните наративи и политики ги обликуваат културните аспекти и субјективности врз база на конкурентност, индивидуализам и сегментација, визијата за градот, каква што би можела да се усвои, не е усогласена со граѓанското општество што доследно покажува висок степен на солидарност и соработка, на пример за време на пандемијата со ковид-19 или при екстремни временски околности.

Најголемата пречка со којашто се соочува **ПОДГОРИЦА**, главниот град на Црна Гора, е урбанистичкиот модел што ја приоритизира личната добивка пред јавниот интерес, вели Соња Драговиќ, урбанистка која моментално живее во Лисабон, Португалија. Според неа, тоа се манифестира на секој чекор, од пазарот на станбен простор што се карактеризира со постојан суфицит на нови, неискористени станови (изградени за продажба, но не задолжително и вселени), постојаниот сообраќаен метеж, уништувањето на градското зеленило, отсуството на јавни простори во добра состојба и вртоглавото опаѓање на квалитетот на јавните услуги.

Според неа, јасно е дека политиките за урбанистички развој според кои се развива Подгорица во последниве децении се донесени да им служат на интересите на приватниот капитал. Како резултат на тоа се зголемија социјалните и просторните разлики кои се сега составен дел од градот, и кои ќе биде тешко да се елиминираат, вели таа.

Во **САРАЕВО** просторот е, или би требало да биде, еден од највредните ресурси и јавно добро, вели Алма Миџиќ, истражувачка која се занимава со социјални движења, јавни добра и природни ресурси (како што е водата). Најголеми предизвици претставуваат отсуството на отчетност на оние кои одлучуваат и донесуваат политики, како и отсуството на визија. Граѓанското учество во донесувањето одлуки е сè уште на ниско ниво, а процесот не е доволно регулиран ниту легално ниту во пракса. Освен тоа, просторното планирање е дефрагментирано и сведено на измени и анекси на документацијата за урбанистичко планирање, што, главно, е во корист на изградбата на деловно-резиденцијални објекти и резиденцијални комплекси без соодветна социјална, јавна и лесно пристапна инфраструктура.

Изгледа дека урбанистичкиот развој е сведен на изградба на згради, бидејќи локалната власт го смета за (ретка) можност да привлече инвеститори и да заработи. За жал, вели Мициќ, оние што одлучуваат не гледаат или не сакаат да видат, дека непланскиот, кусоглед и развој ориентиран кон профит ќе го намали квалитетот на животот на долг рок.

Слично, во многу градови во Грција, главен проблем претставува отсуството на волја и капацитет за управување со градот. Во **СОЛУН** отсуствува транспарентност за урбанистичкото планирање на локално ниво. Од 2014 година градот нема општинско тело за урбанистичко планирање, а тоа е во надлежност на државата. Од географска перспектива, изгледа дека градската администрација не успева да ги контролира социо-културното мнозинство и особеностите на своите населби, вели Јоргос Кацинакос, активист и научник. Според него, постојат случаи во кои неискористено јавно земјиште или имот им припаѓаат на повеќе јавни институции; понекогаш овој имот не му припаѓа целосно на самиот град. Нејасностиите во поглед на сопственоста на земјиштето не само што им пречат на оние што сакаат да интервенираат и да го подобрат своето соседство, туку и покренува сериозни прашања за финансиските средства и за мотивите за пренос на сопственоста во рамки на самата власт.

Не постои правна рамка што поддржува урбанистичко планирање со граѓанско учество или урбанистичко планирање водено од заедницата или локално организирана колективна акција за апропријација на јавниот простор за комунална употреба и за култура (на пример, за маалски забави). На градот му недостигаат референтни точки за градење на заедницата (на пример, социо-културни центри), вели Кацинакос, каде што граѓаните колективно би се вклучувале во активности за решавање проблеми или места што поттикнуваат социо-културни активности во јавен простор што може да ги зголемат можностите за социјално мешање.

Во **ЉУБЉАНА** она што го спречува градот да постигне еколошка одржливост е локалната власт, вели Ева Матјаж, независна истражувачка и коосновач на Полигон, првиот креативен центар во Словенија. Градоначалникот Зоран Јанковиќ, првпат избран во 2006 година, и неговата управа имаа мнозинство во градскиот совет речиси 17 години. За многумина Јанковиќ е амбициозен менаџер кој својот врв го достигна



во деведесеттите и успешно ги преслика корпоративните стратегии во водење на градот, вели Матјаж. Под слоганот „Љубљана е најубавиот град во светот“, доброподмачканата ПР машина на градот врши успешна пропаганда на екоманипулација и наводна социјална одговорност со најголемите проекти на градот, при што главен именител е економскиот раст, а краен резултат е гентрификацијата.

Квалитетот на воздухот во Љубљана е загрижувачки, а сепак, вели Матјаж, следниот голем проект на градот е постројка за согорување на отпадот. Наместо да се направат улиците и плоштадите поотпорни на топлотни бранови, сè уште се сечат многу дрвја и се заменуваат со тони бетон. Љубљана не е премногу загрижена за прекумерниот туризам, а бројот на станови што се издаваат на Ербиенби е поголем од бројот на жители во центарот на градот.

Во **БУДИМПЕШТА**, главниот град на Унгарија, власта ја одзеде даночната добивка на градот, така што зелениот градоначалник се бори со недостиг на средства. Се покажува дека е прилично тешко да се сменат старите навики, како што се возење и паркирање возила насекаде во градот. Потребни се честа комуникација и социјално огласување, но владата спроведува континуирана контрапропаганда против зелените иницијативи на Будимпешта, вели Ребека Сабо, една од зелените и прогресивни политички лидери во Будимпешта.

Во **СЕВИЛЈА** моментално главен предизвик претставува растот на температурата и на топлотните бранови поврзани со неа. Изгледа дека локалните креатори на политики не се доволно системски настроени, вели Фелипе Гонзалес Хил, активист и истражувач од Севилја. Таму постои социјално движење во кое се вклучени родители на деца на училишна возраст, бидејќи многу од училиштата (т.н. топлотни училишта) не се подготвени за високите температури и веќе се соочуваат со многу здравствени проблеми. Училиштето е интересен пример, бидејќи зградата му припаѓа на градскиот совет, наставниците ги ангажира регионалната власт, а образовните планови/курикулумите се прават на ниво на држава. Друг проблем со кој се соочува Севилја е бројот на автомобили. И покрај тоа што има голем број велосипедски патеки (што е наследство од прогресивната градска власт пред две децении), бројот на

автомобили е сè уште премногу голем и претставува проблем за еколошка одржливост на локално ниво. Освен тоа, порастот на цената на станбениот простор претставува друг проблем. Како и многу други градови во Европа, Севилја има проблем со изнајмување за туристички цели, што влијае врз цената на наемнината, иако помалку отколку во Барселона или Мадрид.

Во случајот на **ЦИРИХ**, сојузната и кантонската легислатива, политика и администрација често ги отфрлаат прогресивните решенија и политики на градот, вели Филип Клаус, искусен социјален и економски географ, истражувач и предавач на ЕТН. Правото на живеалиште и правата на закупците мора да се зајакнат, но, тие се заглавени на државно ниво, а за промена на политиката за автомобили е потребен поголем напор. Референдумот во 2014 година постави цел една третина од сите станови што се издаваат да бидат за непрофитни цели. Главната системска пречка за тоа да се спроведе се цената на земјиштето која постојано расте поради преселбата на луѓе со високи примања, и реакцијата на пазарот на недвижнини кон неа, вели Клаус.

**ПУЛА**, град на полуостровот Истра во Хрватска, исто така се соочува со отсуство на политичка волја и капацитети за поамбициозни мерки и промена кон одржливост, вели Душица Радојчиќ, локална зелена политичарка. Потпирањето на масовниот туризам и на масовната изградба на крајбрежјето како главни економски активности (20-25 проценти од националниот БДП) резултира со големо влијание на заинтересираните страни врз националната легислатива и донесувањето одлуки на локално ниво.

**ПРАГА** е најпознатa во Европската Унија по тоа што има најниско ниво на дебати за климатските промени, вели Вит Масаре, чешки едукатор и советник кој се занимава со одржливост и со климатски прашања. Тој смета дека во градот постои доминантен и чуден молк во однос на локалните климатски политики кои градоначалникот на Прага систематски ги избегнува. А сега со старите конзервативци е дури и полошо, тврди Масаре.

Во **БАРСЕЛОНА**, со децении градската јавна политика им беше оставена на големите лични интереси и на мултинационалните компании. На пример, водостопанството е во приватни раце, со договор на повеќе од 30 години. Управувањето со отпадот е во приватни раце со договор на исто време, објаснува Пабло Санчез, кој ја водеше кампањата и беше директор за меѓународни односи во првите години од мандатот на Колау.



Значи, две пречки се неможноста да се донесе јавна политика со еколошки или социјални цели, бидејќи има малку (или воопшто нема) алатки за да се обезбедат еколошки критериуми, а и отпорот на личните интереси да сменат нешто во однос на тие цели. Тие и понатаму бараат повеќе патувања со авион, со брод, повеќе нешта што не се одржливи, но се високо профитабилни, вели Санчез. Сè додека гласот на личниот интерес вреди повеќе од Градскиот совет, останува предизвикот да се смени економската динамика и да се зголеми социјалната и еколошката правда.

**ЗАГРЕБ**, главниот град на Хрватска, се соочува со два истакнати предизвици: регулирање на сообраќајот и инфраструктурата, и управување со исфрлањето отпад, вели Антонија Комазлиќ, активистка и истражувачка од Право на град. Градските политики за транспорт (на популистички начин) предолго фаворизираат индивидуален, моторизиран сообраќај, потхранувајќи ја сè поголемата побарувачка. Таа побарувачка беше изговор да не се предложат (ниту, пак, да се инвестира во) какви било одржливи алтернативи, па согласно на тоа ни да се занимаваат со развојот на инфраструктура за јавен превоз или значајна и навистина интегрирана велосипедска инфраструктура. Наместо тоа, градот дојде до степен што две паркинг-места по стан станаа стандард за новоизградените градби во урбанистичките планови.

Со неодамнешната промена на локалната власт во таква која сака да направи исчекор кон одржливост, проблемот е во големиот опсег на промени што треба да се направат истовремено со цел да се овозможат решенија за инфраструктурата кој премногу долго беше занемарена. Освен тоа, јавното претпријатие што управува со транспортот е сè уште оптоварено со проблеми поврзани со неговата внатрешна организација. Кога станува збор за управување со отпадот, градот сè уште се потпира на отворената депонија како крајна дестинација за собраното ѓубре, а стапката на собирање селектиран отпад е пониска од 40 проценти. Ова можеби е сè уште најголемиот поединечен проблем за заштита на животната средина на градот, заклучува Комазлиќ.

## 2.

# Кои трансформативни практики во вашиот град ги сметате за најрелевантни, најодржливи или најинспиративни?





Со повеќегодишно искуство во борба за демократизација на урбаниот развој на **БЕЛГРАД** (и пошироко), колективот Министерство за простор се занимава со создавање инструмент, партиципативен форум, што овозможува поактивно и поинклузивно промислување на различни интереси на територијата на која се однесува планот, а оттаму резултира со поквалитетни и полегитимни решенија за урбанистичко планирање. Потпирајќи се токму на моделот на таканаречени промислени собири на минипублика или граѓани, Министерство за простор развива и имплементира алатка специфично осмислена за урбанистичкото планирање во Србија, вели Ива Чукиќ. Со експериментирање со моделот партиципативен форум, негова евалуација и мерење на резултатите, колективот има цел да изработи предлог за негово институционализирање базиран на докази, на тој начин придонесувајќи кон структурната трансформација на развојот на нашите градови.

Петте форуми одржани во последните две години покажаа дека граѓаните се заинтересирани да учествуваат; дека кога се соодветно информирани, може да донесат разумни и рационални одлуки и дека тој механизам има голем потенцијал да придонесе кон демократизацијата на урбанистичкото планирање во Србија, смета Чукиќ. Од нејзина перспектива, овие форуми претставуваат исчекор кон есенцијално учество, донесувајќи социјално прифаќање на урбанистичките планови и подобрување на квалитетот на урбаниот развој, за тој да биде од јавен интерес.

Најрелевантното и најтрансформативно социјално искуство во **МАДРИД** последниве години е феминистичкото движење, вели Ана Мендез де Андес. Според неа, работењето на феминистички мислители и практичари, како Јајо Ереро или Амаја Перез Орсоко, да го препознаат конфликтот капитал-живот и обидите да го поврзат феминизмот со екологијата, јавните добра, социјалната економија и создавањето и ресоздавањето на живот во заедницата и градовите донесува трансформација која не е директно видлива во начинот на којшто е изграден градот или на кој се имплентираат политиките, но кој претставува еден од најрелевантните простори за размислување, инспирација и акција во градот. Особено важен беше феминистичкиот штрајк во 2017 година организиран од групата 8М, кој успешно го стави прашањето за грижа и ресоздавање живот не само на политичката агенда, туку и го истакна како социјална тема. Освен тоа, Ана Мендез де Андес смета дека ренатурализацијата на реката Мансанарез беше

препознаена како најкорисна акција за биодиверзитетот што кога било се случила во Мадрид. Таа беше изведена откако еколошката организација Екологистки во акција (Ecologistas en Acción) претстави еден проект за обнова на животната средина во Градскиот совет во 2016 година и беше дел од „Мадрид + природа“, стратегија за урбана натурализација со цел да се интервенира во зградите, населбите и градот. Пред обновувањето, реката беше безживотен, статичен и смрдлив воден басен. За само една година, повторно се воспостави динамичен екосистем од вода, растенија, животни и минерални елементи. Исто така важно е што покажа дека е можно да се обноват делови од градот што изгледаа запуштено, вели Мендез де Андес.

Повеќето иницијативи да се трансформира **ПОДГОРИЦА** во поодржлив и поотпорен град се граѓански, вели Соња Драговиќ. Една од нив е Biciklo.me, невладина организација која се залага за одржлива урбана мобилност преку организирање во рамки на заедницата, истражувања и предлози за нови политики. Нивната работа во голема мера придонесе да почне да се развива велосипедската инфраструктура во Подгорица и да се формулира и усвои првиот Одржлив план за урбана мобилност на градот. Според Драговиќ, друг важен пример е Медитеранска градина, дел од ридот Горица, парк-шума во самиот центар на Подгорица, со кој управува невладиниот сектор. Медитеранска градина е резултат на долгогодишен труд кој опфаќаше петиции, протести и акции со цел да се зачува ридот Горица од големи инфраструктурни и градежни проекти кои би го нарушиле неговиот екосистем. Активистите кои се обединија околу ова прашање се нафатија и да го одржуваат паркот: од 2014 до 2020 година, беа изведени повеќе од 200 акции за чистење и пошумување на областа, со учество на повеќе од 3.000 граѓани. Од 2016 година, активистите спроведуваат план за него, управуваат и се грижат за него, со мала поддршка од локалната власт. Фактот што тоа е еден од првите обиди за некаков вид јавно-граѓанско партнерство во Подгорица го зголемува значењето на овој проект.

Според Алма Миџиќ, случајот со иницијативата за паркот Хастахана во **САРАЕВО** ја покажува трансформативната вредност на граѓанските иницијативи. Иницијативата за паркот Хастахана се појави во 2017 година како спонтана реакција на најавеното „бетонизирање“ на паркот. Иако намерно запуштен, овој простор е собирно место за сите генерации; слободна, јавна површина за одмор и рекреација. Револтот беше предизвикан



од одлуките на власта, кои беа донесени на крајно недемократски и нетранспарентен начин со целосно непочитување на волјата на граѓаните, придружено со застрашување и манипулација. Недоследноста на властите се гледа и во промената на намената на просторот, од музеј и подземна гаража, во, како што претходно се шпекулираше, локација за Централната банка на Босна и Херцеговина. Граѓаните ги искористија сите достапни механизми за формално учество, како и различни форми на самоорганизирање. Освен тоа, тие ги посочија проблемите со загадениот воздух и задушување на воздушните коридори со непланско градење, отсуство на зелени површини и јавни простори, и со занемарениот јавен и социјален интерес при процесот на планирање, но понудија и решенија. Според Миџиќ, беше искористена секоја можност да се апелира до локалните политичари да бидат отчетни и да се потсетат дека ги прекршиле предизборните ветувања. Една група млади архитекти и дизајнери изработи концептуално решение за просторот, скроено според желбите и потребите на граѓаните. Клучно беше да се покаже дека на просторот може да се гледа поинаку и да се понуди алтернатива што ќе биде усогласена со барањата на граѓаните.

Слично, иницијативата за населбата Александру Сволу во **СОЛУН** е на самостојна активистичка група чија цел е да поттикне нови форми на учество преку различни практики на секојдневна апропријација и задругарство, артикулирање на локален дискурс врз база на директна демократија и колективно управување со заедничките ресурси, вели Јоргос Кацинакос. Во изминативе осум години, оваа иницијатива организираше концерти, паради, активности и работилници за создавање простори, тактички урбанистички интервенции, оживеа локален карневал, пикник за „денот на глобалниот антираст“, иницираше мрежа за заемна поддршка поради ковид-19 и други акции на солидарност. До сега, најуспешни трансформативни проекти се организацијата на колективна вечера, најголемата самоорганизирана „маалска забава“ во Грција и создавањето на „направи сам“ џебен парк, еден од малкуте примери на ефикасно граѓанско планирање во земјата. Според Кацинакос, иницијативата разви модел на директна демократија каде што социјалните односи се организирани околу „место“, крстосништво и размена на знаења помеѓу учесниците. Ова искуство воведе нови елементи во дискусијата за улогата на иницијативите со пристап од долу нагоре среде една „не само финансиска“ криза, создавајќи нови политички идеи клучни за трансформација на урбаниот живот.

Во **ЉУБЉАНА** постојат големи очекувања од новите форми на самоорганизирање. Според Ева Матјаж, постои голем потенцијал во новиот начин на синдикализирање во светот, што може да доведе до промени и во Љубљана, првенствено преку самоорганизирање на културните работници. Суштинските синдикални вредности, како солидарност, соработка, рамноправност, интегритет, заедништво и задругарство се клучни луѓето да ги прифатат ако сакаме промена кон еколошка одржливост, добросостојба и социјална правда во нашите градови. Матјаж вели дека со години нè учат прво да се грижиме за себеси (и нашите блиски) бидејќи никој друг нема да го прави тоа. Но, парадоксално, ако сакаме да опстанеме денес (или во многу блиска иднина), единственото решение е да се потпреме на заедницата со која го делиме животниот простор. Преку синдикатите луѓето стекнуваат практично искуство за тоа како колективните акции може да донесат промени кон подобро, промени кои инаку би биле невозможни да се направат индивидуално. А она што е поважно е што синдикатите не се борат само за сопствените причини, туку тие се организации што поддржуваат многу други граѓански акции што постојано се одвиваат во градовите.

Од друга страна, пак, во **БУДИМПЕШТА**, веќе неколку години градот има локална политика одржливо да се грижи за парковите и за тревниците, вели Ребека Сабо. Тоа значи дека тревниците помалку се косат и дивите цвеќиња им се оставаат на опрашувачите. Тоа е важен чекор во поглед на еколошката одржливост и одржливоста на урбаниот биодиверзитет.

Исто така, изминативе неколку години, во различни делови од градот се одржуваат мали земјоделски пазари со кои управуваат локални НВО. Тие се многу популарни кај граѓаните, и создаваат директна врска меѓу производителите и потрошувачите. Исто така, се споделуваат информации за одржливо земјоделство, а тоа помага да се создадат силни врски меѓу луѓето што живеат во иста населба.

Во случајот на **СЕВИЛЈА** Фелипе Гонзалес Хил смета дека вертикалните градини (номадски градини) се интересна активистичка и уметничка интервенција во која една населба беше искористена за да се направи прототип. Таа користи вода за климатизери за сеидба на разни растенија и да создаде зелени ѕидови со растенија и цвеќиња. За жал, тој не беше пресликан, но останува како добар пример. Покажува како може да



користиме веќе постојни неповолни системи за јавен интерес и за еколошка одржливост. Друг пример претставува инфраструктурата за велосипедски патеки, при што општината активно посочува алтернативни начини на превоз и транспорт. Велосипедските патеки се добра политика што може да се подобри со примена на поголем број електрични јавни велосипеди и тротинети, бидејќи при високи температури возењето обичен велосипед може да биде ризично по здравјето.

Сепак, градови како **ЦИРИХ** доживуваат транформација преку големи инфраструктурни проекти, вели Филип Клаус. Еден од нив е „Fernwärme“, во кој домаќинствата во градот се поврзуваат на топлината од печката за согорување отпад. Набргу ќе започне друг проект со кој градот ќе се разладува со водата од Циришкото Езеро. Граѓаните со видливо мнозинство ги изгласаа двата проекти. Друга иницијатива на Цирих е значително проширување на системот на велосипедски патеки, што ќе доведе до исчезнување на многу паркинг-места на улиците.

Во **ПУЛА** референдумската кампања и кампања за подигнување на свесноста организирана од локалната заедница собрана во граѓанската иницијатива Лунгомаре се крена против неодржливиот развој на туризмот што го спроведува градот (вклучувајќи и корупција во просторното планирање и сомнителна приватизација на крајбрежното земјиште). Нивното успешно самоорганизирање во иницијатива за референдум против специфичен проект за развој на крајбрежниот туризам го засили чувството на припадност кон заедницата, вели Душица Радојчиќ.

Според неа нивната борба за зачувување на единствената рекреативна област, и последователно квалитетот на живот во градот е инспиративна дури и на национално ниво. Тоа е вториот успешен референдум организиран на барање на граѓаните од основањето на Република Хрватска (пред 30 години). Тоа тешко се постигнува поради условите на огромна посетеност и бирократски бариери. Акцијата покажа и дека кворумот за прогласување успешност е премногу висок (прагот ретко се достигнува за време на избори) и дека државата намерно поставува сериозни пречки на локалните референдуми како инструмент на директна демократија. Референдумската кампања за зачувување на Лунгомаре покажа дека граѓаните се многу посвесни за неопходноста за имплементирање зелени

политики, вклучувајќи и отпорност кон климатските промени, заштита на природата, добросостојбата и социјалната правда, отколку властите кои се противеле на референдумот, смета Радојчиќ.

Во **ПРАГА** одржливата пракса е изненадувачки поврзана со јавно претпријатие. Долгогодишната важна улога на Прашкото претпријатие за транспорт и популарноста и висококвалитетниот јавен превоз во агендата за одржливост на градот се многу важни за секого во Прага, смета Вит Масаре. Секој што е роден во Прага долг период во својот живот мора да се возел во омилените градски трамваи, метроа, автобуси итн. Многумина ја задржуваат таа навика во текот на целиот живот и квалитетот на градскиот и на регионалниот интегриран јавен превоз им е многу важен. Прашкото претпријатие за транспорт е и еден од најголемите работодавачи во земјата. Неговата одржливост и социјалните политики имаат значително инстант-влијание врз стотици илјади луѓе од најсиромашни до најбогати во сите возрасни групи. При планирање какви било иновации Прашкото претпријатие за транспорт е важен партнер со којшто треба да се разговара поради можното огромно влијание што усвојувањето на потенцијалните шаблони може да ги има врз пазарот и врз корисниците, смета Масаре.

Според Пабло Санчез, во случајот на **БАРСЕЛОНА**, новата градска енергетска компанија претставува добар модел на алтернативен начин, иако има проблем со опсегот. Компанијата овозможи различна рамка во текот на актуелната енергетска криза, без исклучување на корисници и пониски цени. Проблемот е што компанијата не беше во можност да испорача енергија до повеќето граѓани. Исто така, според Санчез новиот урбанистички план кој се обидува да ги отстрани автомобилите од центарот на градот и промовира јавен и поеколошки превоз претставува позитивен развој. Тука јавната политика се поврзува со групи граѓани и со здравствени групи кои сведочат дека нивоата на врева и загадување се намалуваат и го прават градот поподнослив и поодржлив. Позеленувањето и помалото количество бетон се исто така главни елементи за намалување на температурата во градот и не доведуваат до суши. Градот денес претставува инспирација за други градови, што ја покажува потребата од позелени простори насекаде, заклучува Санчез.



Во **ЗАГРЕБ** граѓанската иницијатива Парктиципација го трасира патот кон поотпорен систем за достава на храна во градот со тематизирање урбано градинарство и одгледување храна во самиот град, вели Антонија Комазлиќ. Тоа подразбира залагање за правна рамка за воспоставување официјално признаени јавни урбани градини што ќе имаат статус на заедничко добро и обезбедување долготрајни дозволи, со што се поттикнува вмрежување помеѓу чинителите и се овозможува платформа за граѓаните кои се заинтересирани да учествуваат во осмислување на партиципативни процеси на таквите заеднички простори во нивните населби. Предложениот модел за општествена градина сметаше на слободно користење на јавното земјиште и на негово заедничко одржување. Тој вклучуваше показен модел и шумска градина отворени за јавноста придружени со одделни парцели, при тоа наметнувајќи активно учество на корисниците и консензуално донесување одлуки. Како резултат на ова јавно залагање и преговори со претходната градска администрација, градот го презеде овој проект и воспостави мрежа на урбани градини во Загреб, иако со ограничено разбирање и имплементирање на клучните фактори и вредности базирани на изградба на заедница, и со привремен карактер. Сепак, оваа инфраструктура сè уште може да се трансформира за да биде усогласена со оригиналниот предлог што го разви и го понуди Парктиципација.



# 3.

## Иднината почнува сега! Што ќе го направи вашиот град отпорен? Споделете ја визијата за вашиот град за претстојните децении!



Самоорганизирани во формални или неформални движења, во **БЕЛГРАД** луѓето се главните двигатели на прогресивната промена, вели Ива Чукиќ. Иако овие обиди може да бидат кревки и несистематични (како што се понекогаш), тие се нашата најголема надеж за создавање иднина што е демократска, социјално праведна и еколошки одржлива. Накусо, иднината е политичка околина што подразбира широко учество и спречува концентрација на моќ и капитал, а градовите се засновани на солидарност, заедништво и инклузивност.

Ако за две децении добро се живее во **МАДРИД** и тој биде во добра состојба тоа ќе биде поради здружената мрежа од заеднички иницијативи за помош кои на жителите на градот им нудат поддршка и грижа, смета Ана Мендез де Андес. Пред повеќе од една деценија, во 2010 година, „Повелбата за заеднички добра“ на градот Мадрид беше напишана како дел од воениот истражувачки колектив Опсерваторио метрополитано (Observatorio Metropolitano). Мендез де Андес вели дека во таа повелба „предивидовме ’нов граѓански статут‘ што одново ги осмисли јавните институции настрана од бирократијата, политичарите, економските интереси и финансиски пазари. Промената се одвива во четири чекори: прво, адресирање на ’итни состојби и проблеми‘ во организацијата со локалните комитети за да обезбедат заемна поддршка. Второ е враќањето на колективните простори со пополнување на плоштадите и празните згради. Трето, реорганизација на основните служби што беа приватизирани и враќање на болниците и училиштата. Четврто и последно, редистрибуција на целото колективно богатство што беше приватизирано.“

Локалните граѓански иницијативи во **ПОДГОРИЦА** посветени на просторна и на социјална правда добија на сила и продолжија да се организираат и да се залагаат за подобар град за сите, вели Соња Драговиќ. „Ги делам нивните визии за Подгорица во иднина како град што ги задржува и целосно ги интегрира своите пет реки, ги проширува своите паркови така што урбаното зеленило е достапно во секоја населба, усвојува велосипеди како масовно превозно средство, почнува да развива достапни модели на домување и ја приоритизира изградбата на нови јавни училишта, болници и културни центри,“ појаснува таа. Тоа не може да се постигне без реобмислување на политичката економија врз која се потпира моменталниот модел на урбан развој. За да се постигнат одржливост и отпорност процесите на создавање град треба да се конфигурираат на начин што ќе ја поддржи и ќе ја интегрира заедницата, а не само да ја третира како клиент.

Алма Миџиќ од **САРАЕВО** смета дека самите граѓани треба да одлучуваат за својата иднина. Сараево има среќа да биде опколено со прекрасна природа, и е блиску до руралните области, но во моментов развојот го диктира кусогледо урбанистичко планирање ориентирано кон профит. „Замислувам град во кој донесуваме одлуки заедно, се слушаме меѓусебно, а власта и професионалците ги поддржуваат граѓаните во одлуките да донесат соодветни политики. Власта е посветена на заштита на клучните ресурси, како што е водата, и поседува инвестициски план за јавната инфраструктура. Градот има ефикасен и организиран јавен превоз, систем за собирање и рециклирање отпад, како и подобрено водостопанство во јавна надлежност. Се инвестира во локално производство на храна за да се скрати продажниот ланец. Се организира јавен превоз до околните планини, така што сите социјални категории имаат пристап до природните добра. Во таков град сите би ги искористувале придобивките од природата, а со нејзина внимателна заштита и развој на јавна инфраструктура ние би се движеле кон одржлива иднина.“

На грчките градови им е неопходна нова филозофија според која ќе се управува со урбаниот простор, вели Јоргос Кацинакос. „Не велам дека решението за урбано-капиталистичката криза е ’да се освојат општините‘ на локалните избори; но, откако ќе се разгледаат овластувањата на урбана власт, дали е сè уште разумно да се инсистира на постојани јавни собири и нивно постепено стекнување локална моќ, што ќе ги оспори фундаментално реакционерските позиции што ги има државната власт?“ Тој смета дека за сега ова фундаментално прашање останува отворено. Секако одговорот мора да биде поширок од романтизирана демократизација на политиката преку победа на локалните избори. Пред сè, потребно е транслокално и полиморфно движење што ќе бара поголема автономија на градот, со кој традиционално управува државата. Во моментов не постои движење што се залага за таква промена. Исто така, потребни се нов политички дискурс и низа тактики, како и, да го цитираме Берти Расел, „разновидна просторна стратегија за трансформација“ способна да воспостави нови колективни идеи и начини на политичко учество.

Пред десет години во **ЉУБЉАНА** имаше бројни алтернативни и непрофитни места каде што луѓето се собираа, разговараа, размислуваа, се организираа, се поддржуваа и изразуваа револт ако беше неопходно. Денес, поради



високата цена на недвижнините, речиси и да нема простор каде што луѓето ќе се сретнат без никаква (или со мала) економска размена, вели Ева Матјаж. Според неа, за период од десет години, тоа требаше да биде на ниво барем на она од 2012 година, преку високо оданочување на бизнис-просторите и на секундарните приватни имоти од страна на државата за значително да се намали капиталната сопственост во градот. „За да направиме промена прво треба повторно да си го присвоиме просторот!“ Ева го смета тоа за најважен чекор за почеток на процесот за повторно заземање на градот и имплементирање поеколошка, поодржлива приказна за сите наши градови.

Визијата на Ребека Сабо за **БУДИМПЕШТА** е град со помалку автомобили и повеќе велосипеди и квалитетен јавен превоз. За таа цел урбаниот развој мора повеќе да се фокусира на „зарѓаните области“ лоцирани меѓу центарот на градот и преградијата, на тој начин намалувајќи го протокот на автомобили во сообраќајот. Ќе се зголемат зелените површини и ќе се испланираат на начин што ќе овозможи засолниште од топлотните бранови. Друг клучен аспект на адаптација на климатските промени е собирање дождовница, бидејќи дождовите во Будимпешта се поретки, но посилни. Долниот кеј на Пешта ќе биде затворен за автомобили за да се создаде врска меѓу луѓето и реката Дунав (хуманизација на речните кејови). Во отсуство на доволно средства, мора да се охрабруваат малите, граѓански, дури и привремени решенија за одржливост (на пример, урбано градинарство и урбано земјоделство).

**СЕВИЛЈА** е позната по тоа што го користи јавниот простор за собири, вели Фелипе Гонзалес Хил. „Како татко на две деца би сакал да има повеќе места каде што би се собирале, а кои нема да бидат со посредство на потрошувачка. Зголемувањето на бројот на дрвја и сенки во јавниот простор е еден од најголемите приоритети. Градот во кој би сакал да живеам нема да има само барови и гаражи, туку и повеќе простори за граѓаните како безбедни и здрави места (особено во контекст на топлотните бранови)“.

Во **ЦИРИХ** Филип Клаус го замислува новиот град како град со многу повеќе нови проекти што опфаќаат соработка. Постојните проекти нудат решенија за отпорни, еколошки и солидарни градови. Напорите за зголемување на зеленилото во градот мора да се засилат. Автомобилите треба да се забранат во повеќето делови од градот, а маалскиот живот треба да се зајакне. Во

таков град, пазарот на објекти за домување во голема мера треба да биде одвоен од механизмот на профит.

Во случајот на **ПУЛА**, Душица Радојчиќ замислува град во кој туризмот не влијае негативно врз квалитетот на животот во него – со функционално управување со отпад, обезбедување чиста вода за пиење што ги задоволува потребите на локалната заедница и разумен број туристи. Во ваквата одржлива иднина, градежните регулативи би спречувале парцели од „само бетон“, почвата во урбаните области би била заштитена од градби и губиток на органските материи, а јавниот превоз би бил функционален, со значително намален сообраќај во градот.

Би постоеле различни економски активности што ќе им овозможат вработување на младите жители на градот. Повозрасните граѓани ќе имаат доволно домови за грижа на располагање по пристапни цени. Социјалните домови се во развој; пристапните цени за наем на социјален дом го диктираат/влијаат врз пазарот. Зелената инфраструктура е развиена и заштитена, а целата зелена инфраструктура во градот е поврзана со зелени коридори. Сите крајбрежни области се достапни, а во голема мера се природни. Земјоделството може да овозможи доволно здрава храна за локалниот пазар.

Вит Масаре стравува дека, за жал, во следните три до четири години во **ПРАГА** нема да се случат видливи промени на подобро. Но, тоа е доволно време за медиумите и за граѓанското општество и за зелените да укажат на разликите меѓу зборовите, стратегиите и реалноста на неодржливото донесување политики во Прага и сериозноста со која истата агенда се третира во западноевропските градови со кои јавноста сака да се споредува.

Пабло Санчез новата **БАРСЕЛОНА** ја гледа како град во кој водостопанството, електродистрибуцијата, собирањето и управувањето со отпад се дел од компании под локална надлежност со граѓанско и работничко учество. Во таквиот град компанијата за превоз соработува со други локални компании за да обезбеди велосипеди. Овој отпорен град е град што создава работни места со додадена вредност и логично во индустриската и услужната дејсност. Оттаму, профитот на компаниите за јавни услуги останува во рамки на градот за да се осигура дека зелените и одржливи инвестиции



и реновирањето на домовите претставуваат главна можност за зелено вработување.

Како основен предуслов за обезбедување негова отпорност во иднина, за една или две децении **ЗАГРЕБ** треба да најде начин да ја поврати можноста да го смета својот простор за јавно добро наместо комерцијален ресурс во урбанистичкото планирање на локално ниво, вели Антонија Комазлиќ. Пристапот кон урбаниот развој базиран на јавниот интерес и потребите на заедницата би овозможиле процес на задоволување на низа структурни потреби во градот, како пристап до домување, образование и здравствена грижа како право на сите граѓани, социјална инклузија на ранливите групи, воведување на практики за зелена транзиција, оптимизација на користењето електрична енергија и демократизација на нејзината понуда.





**БЕЛГРАД** / Ива Чукиќ е активистка и архитектка од Белград, кооснован на колективот Министерство за простор. Области кои ги истражува се урбаните јавни добра и урбаната трансформација, а тоа го прави преку спој на академска и практична перспектива. Активно работи со заедницата, поддржувајќи локални иницијативи во напорите да ги адресираат просторните проблеми и да придонесат кон социо-политичка промена во согласност со принципите на социјалната правда. Во моментов Чукиќ е гостин-предавач на повеќе универзитети во Европа и пошироко, како ТУ Берлин, ETH, MIT, Оксфорд, Архитектонската асоцијација при Архитектонскиот факултет во Лондон, итн.London, etc.



**БУДИМПЕШТА** / RРебека Сабо по професија е биолог и екологистка. Основачки член на LMP и на Дијалог. Активна во унгарската политика од 2008 година. Од 2014 до 2019 година била заменик-градоначалник и член на локалниот совет во 14-тиот округ на Будимпешта и била блиска соработничка на (тогашниот) градоначалник на округот Гергели Караксони. Пратеничка од 2022 година, претходно во Комитетот за земјоделство, актуелен заменик-претседавач на Комитетот за одржлив развој. Во фокусот на нејзината работа се природата и заштитата на животните. Сака кучиња и мачки.



**ЉУБЉАНА** / Ева Матјаж е независна истражувачка со диплома по психологија и магистратура по социологија и социјална работа. Кооснован и автор на програмата на првиот креативен центар во Словенија, Полигон, и коиницијатор и еден од координаторите на ЗАСУК, синдикат на културни и креативни работници. Поле на истражување е (и пракса!): работници, културниот и креативен сектор, искористување на новите економски модели, антираст, прекумерен туризам итн...



**МАДРИД** / Ана Мендез де Андес е архитектка и урбанистка што живее во Шефилд и во Мадрид. Вклучена е во активистички проекти што се занимаваат со трансформации на големите градови, урбани јавни добра и јавни простори. Била дел од локалната платформа Мадрид сега, каде што била советник во Градскиот совет, а во моментов спроведува докторско истражување на тема „да се биде во сопственост на јавноста“ на Архитектонскиот факултет во Шефилд.



**ПОДГОРИЦА** / Соња Драговиќ е докторанд и истражувач во Центарот за социоекономски и територијални студии DINÂMIA'CET-Iscte на Универзитетот во Лисабон. Нејзиното поле на истражувачки интерес опфаќа социјално ангажирани архитектонски практики, јавни добра, урбани социјални движења и заемниот однос меѓу активизмот и урбаното владеење. Нејзините лични активистички напори се фокусирани на работа со локалната заедница со цел подобрување на партиципативните методи, јавните политики и заедничките простори. Таа е член на активистичкиот и истражувачки колектив Кој ако не архитектите (КАНА) (Подгорица) и на Лабораторијата за урбани студии (Лисабон) (Laboratório de Estudos Urbanos), и еден од уредниците на Лефтист (LeftEast).



**ПРАГА** / Вит Масаре е член на бордот на чешката Зелена партија, советник за социјални и безбедносни прашања, менаџер на образовни програми за одржливост.



**БАРСЕЛОНА** / Пабло Санчез бил директор за меѓународни односи во 2015 година и со години води кампања за ремуниципализација на водата во Барселона.



**ПУЛА** / Душица Радојчиќ била претседателка на невладината еколошка организација Зелена Истра од 2002 до 2022 година. Во тој период се фокусирала главно на зајакнување на учеството на јавноста во донесувањето одлуки поврзани со животната средина. Во 2021 година започнала политичка кариера во зелената левичарска партија Можеме!, станувајќи дел од нејзиното раководство. На изборите во 2021 година била кандидат за градоначалник на Пула, а од 2021 до 2022 ја вршела функцијата претседател на Градскиот совет. Денес е член на Градскиот совет на Пула.



**СОЛУН** / д-р Јоргос Кацинакос е хуман географ со специјализација по акциско истражување и создавање заедница. Роден е во Солун, каде што и пораснал. Посетувал постдипломски студии по урбани култури на четири европски универзитети. Во 2021 година се стекнал со докторско звање од Градскиот универзитет во Манчестер. Неговата дисертација ја проучува современата улога на субурбаните заедници, фокусирајќи се на односот помеѓу секојдневниот живот и субурбаната култура. Неговото поле на истражувачки интерес опфаќа јавни добра, партиципативно урбанистичко планирање, културно мапирање, локални фестивали и создавање места. Бил коорганизатор на повеќе работилници за партиципативно урбанистичко планирање за апропријација на јавниот простор и за урбани експерименти, како што се „Вечера“ и „Џебен парк“ за населбата Александру Сволу во Солун.



**СЕВИЛЈА** / Фелипе Г. Хил работи во ZEMOS98, непрофитна организација што постои 25 години и се занимава со културна медијација, а седиштето ѝ е во Севилја (Шпанија). Фелипе во моментов ја координира Commonspoly: друштвена игра со слободен пристап којашто промовира култура на соработка. Тој го координира и Concomitentes UCIPediátrica, четиригодишен проект за тоа како уметноста може да помогне во одделенијата за интензивно лекување на деца во болниците. Исто така, автор е на elDiario.es за интернет-културата и дигитално и социјално ангажираната креативност. Практикува секаков спорт што опфаќа користење рекет и е обожавател на Војна на ѕвездите.



**САРАЕВО** / Алма Маџиќ е истражувачка и активистка што се занимава со теми како социјални движења и заеднички добра. Има долгогодишно искуство во работа во локални и меѓународни организации. Објавувала написи, есеи и коментари во збирки, списанија и во дигитални изданија на теми поврзани со заедничките и јавните добра, социјалната контрола врз ресурсите и партиципацијата. Креирала политики за животна средина, одржлив развој, комуникации и партиципација. Работела како посветен истражувач на неколку задачи поврзани со управување со ресурси, рурален развој, корупција и партиципативни механизми со фокус на граѓанските иницијативи и на локалната заедница.



**ЗАГРЕБ** / Антонија Комазлиќ има двојна магистратура по социологија и по шпанска филологија од Факултетот за хуманистички и општествени науки на Универзитетот во Загреб. Во организацијата Право на град работи на истражување на јавните политики и управување со јавни ресурси поврзано со залагање за социјална, економска и еколошка одржливост во полето на домувањето, урбанистичкото планирање и јавната инфраструктура. Објавила неколку написи на овие теми и има сертификат за одржлива конверзија на локалитети и урбана регенерација на јавни простори.



**ЦИРИХ** / Филип Клаус, доктор на природни науки, е социјален и економски географ. Од 1999 година ги координира активностите на Меѓународната мрежа за урбано истражување и акција (INURA). Како постар истражувач и предавач на ETH и на Универзитетот во Цирих во неговиот фокус се конкуренцијата помеѓу градовите, гентрификацијата и регенерацијата, социопросторната сегрегација и културните економии. Како копретседател на кооперацијата за домување Крафтверк1 (Kraftwerk1) и член на комитетот за стратешка изградба, тој е посветен на реализација на прогресивни и еколошки изградени средини базирани на солидарност.



ИМПРЕСУМ

**Наслов** Скици на еден нов град
**Уредници** Ведран Хорват и Лана Пуканиќ
**Проектен координатор** Лана Пуканиќ
**Проектни координатори GEF** Адријан Тот и Александра Хубер
**Лектура** Лана Пуканиќ
**Дизајн и компјутерска подготовка** Класја Жита & Андреа
**Печати** печатница Зелина
Загреб, 2023

## Контактирајте нè:

GREEN EUROPEAN FOUNDATION

GREEN EUROPEAN FOUNDATION
Rue du Fossé 3, L-1536 Luxembourg
Адреса на канцеларијата во Брисел: Mundo Madou, Avenue des Arts 7-8,
1210 Brussels, Belgium

Телефон: +32 2 329 00 50
Електронска пошта: info@gef.eu

## Поврзете се со нас:

За да дознаете повеќе за нас посетете ја нашата веб-страна:

gef.eu

Следете нè на социјалните мрежи за да бидете во тек со нашите најнови активности и настани што се одржуваат низ Европа

GEF_Europe

GreenEuropeanFoundation

GEF_Europe